Australian Government

COVID-19 VACCINATION

# Четврта доза на вакцина против COVID-19

08 јули 2022

Зимата често донесува повеќе инфекции од респираторни вируси, како што е COVID-19. Заради поголема заштита од COVID-19, дополнителна бустер доза - четврта доза на вакцина против COVID-19, се препорачува за луѓето кои се изложени на поголем ризик да добијат сериозна болест од COVID-19. Тоа ќе биде петта доза на вакцина против COVID-19 за луѓето со сериозно нарушен имунитет.

Вие треба да примите четврта доза на вакцина против COVID-19 ако:

- имате 50 или повеќе години
- сте станар на установа за нега на стари лица или на лица со попреченост

Исто така, дополнителна бустер доза се препорачува на лица на 16 години или постари кои:

- имаат нарушен имунитет
- имаат или имале некои видови рак
- имаат болест во врска со имунитетот за која е потребно лекување
- имаат хронична или тешка болест која влијае на белите дробови, црниот дроб, бубрезите, мозокот или срцето
- имаат дијабетес за кој се потребни лекови
- имаат попреченост со значителни или сложени здравствени проблеми
- имаат премногу голема или премногу мала телесна тежина.

Луѓето на возраст од 30 до 49 години исто така можат да примат четврта доза ако така одлучат.

Разговарајте со вашиот доктор ако не сте сигурни дали треба да примите четврта доза.

Може да примите четврта доза на вакцина против COVID-19 најмалку **3 месеци** откако сте примиле бустер доза.

Вакцина против COVID-19 може да примите истовремено со вакцина против грип (influenza).

Ако неодамна сте имале позитивен тест за COVID-19, се препорачува да почекате **3 месеци** пред да ја примите следната доза на вакцина против COVID-19.

За повеќе информации видете на www.health.gov.au или јавете се на National Coronavirus Helpline на 1800 020 080. Одберете ја опцијата 8 за бесплатни преведувачки услуги.